


## Старец Клеопа

# Раскази за Деца

# Раскази за Деца

**Со благослов на Неговото Високопреосвештенство**
**Митрополит Дебарско-кичевски**
**г. Тимотеј**

Книгата е издадена со дозвола на
Свештената Обител Сихастрија

*Спомни си, Господи, за благочестивите помагатели на ова издание*

Старец Клеопа

# Раскази за Деца

Свештена Бигорска Обител
2016



## БОГАТИТЕ ОСИРОМАШЕА И ОГЛАДНЕА

СИГУРНО СТЕ ЧУЛЕ дека на секое бдение во црквата велегласно се пее стихот од Давидовите псалми: „Богатите осиромашеа и огладнеа, а оние што Го бараат Господа, нема да се лишат од никакви богатства". А знаете ли зошто така се пее? Не знаете? Ајде да ви кажам.

Еднаш одамна си живееше еден цар, кој посака да го обиколи своето царство. И одејќи, така, си пристигна во еден манастир и влезе во црквата. Таму имаше неколку монаси што читаа на певницата, како што е и кај нас кога има богослужба. И читајќи така, дојдоа тие и до 33от Псалм каде во десеттиот стих се вели: „Богатите осиромашеа и огладнеа, а оние што Го бараат Господа, нема да се лишат од никакви богатства". И на царот му се допадна манастирот, му се допадна црковниот ред, и богослужбите, ама овие зборови од Псалтирот не му се допаднаа. Зашто тој беше цар со толкаво богатство, со толку слуги,

и куќи, и животни, и имоти, и сите му се плашеа и над сите господареше. Народот го величаше, секаде беше пречекуван со музика, министрите му се поклонуваа до земја, генералите го славеа, војската му оддаваше почест, трпезата му беше преполна, сè скапи јадења и пиења; па потоа палати со многу соби, прекрасена облека, блескави кочии со многу коњи, какви што никој друг немал, па царска порфира и преголема слобода како цар.

И дека еден ден ќе осиромаши и огладни, на тоа ниту помислуваше, ниту сакаше да го прифати со умот. Им рече на своите придружници, зашто беше навикнал да заповеда и сите беа поговор да го слушаат:

–Нека престанат со ова читање. Зошто така да се чита во црква? Од сега па натаму заповедам повеќе никаде во црквите да не се читаат овие зборови. А тој што нема да ја послуша оваа моја заповед, веднаш да биде казнет како противник на моето царство.

И веднаш беше запрено читањето и испратени гласници со војска за во сите предели на царството да се објави оваа заповед. Ама сега ќе ви кажам што направи Бог за овој цар да се вразуми.



Набрзо откако царот го беше заповедал ова, тој појде на езеро да се капи, зашто беше лето, а тој на лето си имаше навика често да оди на езеро да се освежи. И појде тој таму, како и обично, со целата своја царска придружба, со музика, со труби, со цело мнозинство народ, со цвеќиња, со свечени поворки, како што му доликува на еден голем цар. Стигна до езерото, ја соблече својата скапоцена облека, ја симна круната и влезе во водата да се капи.



Но му падна на ум малку да се оддалечи од брегот, на едно заливче, и таму се задржа, сончајќи се. И што се случи? Додека него го немаше, а царска придружба го чекаше на брегот, наместо него излезе пред нив ангел Господов што го имаше земено неговиот лик и се прикажа како цар. И ангелот го облекоа во царската облека и заедно со него си заминаа во дворецот, со ангелот како цар, со целата придружба и музиките, и трубите, и сите советници, а оној, вистинскиот цар, си остана во езерцето.

Приквечер, кога на царот му беше доста од капење, тој дојде на брегот каде што требаше да го чека неговата придружба, но таму веќе немаше никој. И остана царот во облеката за капење, воден до гола кожа. Надвор веќе се стемнуваше и му стана ладно, а беше уште и гладен. Освен тоа, Бог му испрати некакви големи комарци за да му додеваат.

Така, стоеше тој на брегот и не знаеше што попрво да направи, дали да се налути што го оставија сам, или да се брани од комарците, да оди да бара некаква храна, или, пак, нешто за да се покрие и заштити од студот. А и срам му беше да оди така разголен.



Додека тој така се мислеше, помина еден старец по таа патека и царот се појави пред него. Оној другиот, штом го здогледа, сакаше да избега, зашто му се причини како некој дух излезен од езерото. И царот викна по него:



–Застани, немој да бегаш, не сум лош човек. Не плаши се од мене. Поминаа тука некакви арамии и ми ја зедоа облеката, па затоа сум ваков. Дај ми, те молам, некаква кошула ако имаш, за да можам да си појдам дома, оти многу ми е мачно

овде.

И старецот му даде некаква стара кошула, целата закрпена, ама сепак, подобра таа отколку ништо, за да се заштити од студот и да не оди необлечен. И си појде царот, облечен како просјак, кој како ќе го видеше сите му се смееја, не можејќи да го препознаат. Додека одеше, така парталав, некои го бркаа мислејќи го за крадец, други му се потсмеваа, а и кучињата лаеја по него. И само тој си знае како стаса до првото село, кај некој свој болјарин на крајот од селото, еден од оние што го дочекуваа со музика, кога доаѓаше на капење. Но кога сакаше да влезе во неговиот двор, слугите на болјаринот и чуварите почнаа да му се потсмеваат:

–Што бараш овде, бре просјаку, гаду еден?

–Сакам да разговарам со болјаринот – рече царот.

–Зар не се гледаш како си облечен? И уште ноќе ми доаѓаш кај болјаринот. Бегај одовде, додека не те подбрале со стапови по грбот.

Но царот не се откажуваше, туку гласно повика за да може болјаринот да го чуе. И болјаринот вистина го слушна и му го препозна гласот на царот, ама не можеше да сфати што бара тука





ноќе, зашто само што го имаше испратено со придружбата во дворецот. Излезе да види што се случува. Кога таму, некаков просјак на портата го повикува по име. Но кога му се доближи за по-добро да го види, го препозна во него самиот цар.

–Зошто ми направивте таков срам? – рече гневно царот. – Како тоа ме оставивте во вода и необлечен и сите си заминавте? Да знаете – утре ќе летаат глави.

На болјаринот не му беше јасно што се случи со царот, зашто тој самиот лично го испрати од езерото до дворецот. А и не беше баш сигурен дали овој е навистина царот или само некој што личи на него, и сега се преправа за да го уплаши; зашто царот никогаш не би дошол кај него во онакви партали. И ќе го избркаше, ама се плашеше да не е сепак, царот, оти гласот и ликот беа негови, само облеката му беше чудна. И се мислеше што да направи, па нели го испрати во царскиот двор со музика и воена придружба. Чудејќи се, го праша царот, кој луто го напаѓаше:

–Ама цару, зар не појдовме заедно? Не те об-леков ли во порфира, не ти ставив ли круна и прстен? И зарем не те дочекаа и во останатите села со музика и цвеќе? Не појдовме ли во

дворецот заедно?

И ни едниот, ни другиот не сфаќаа што се случило. Така, бољаринот го остави царот дома, а тој тајно појде во царскиот двор да види што се случило. Кога пристигна таму, веднаш побара да ја види царицата за нешто итно. Царицата се појави, а тој ѝ рече:

–Сакам да го видам царот. Многу е важно.

–Не може. Тој сега се одмора. Го оставив во постела.

–Разбуди го, оти треба бездруго да му кажам нешто.

Појде царицата да го разбуди, а кога таму, креветот празен, само облеката стои.

–Леле, го нема царот!

Тогаш бољаринот рече:

–Значи навистина е царот оној што се појави кај мене на портите, ама си мислам да не полудел, оти ми дојде облечен како просјак и прашува зошто не сме го чекале кај езерото и сме го оставиле да седи во водата.

Потоа сите појдоа по царот и го доведоа во дворецот. А тој, мртов уморен, веднаш заспа и на сон му се јави ангел Господов, кој му рече:

–Зошто забрани во црквите да се чита словото

Господово? Зарем не знаеш дека Господ е Оној Кој те постави за цар, и Он може за миг да те симне од престолот? Виде ли како брзо можеш да осиромашиш, ако немаш помош од Господа?

И се вразуми царот и уште веднаш испрати



заповед по целото свое царство: таа ноќ, а потоа и редовно на секое бдение да се пее трипати, колку што може погласно, така што да ечи црквата: „Богатите осиромашеа и огладнеа, а оние што Го бараат Господа, нема да се лишат од никакви богатства". И од тогаш на секое бдение во црквите велегласно се пеат овие стихови.

А ние, пак, да си знаеме дека сѐ што имаме: и здравје, и разум, и имот, и знаење, и титули, и почести, сето тоа е од Господа, Кој ни ги дал и Кој може во секој миг да ни ги земе, ако не се научиме секогаш да Му благодариме за Неговата голема грижа. И уште знајте дека среќата не доаѓа од богатството, туку блажен е оној кој ќе стекне спасение на душата, оти ќе биде поголем од сите светски цареви и бескрајно ќе живее во вековите со Бога, заедно со сите Светии.

## Не судете според надворешноста

Оној ден кога Бог ќе им суди на луѓето, Он нема да гледа ни на царска круна, ни на високи титули. Ќе ги гледа нашите срца. Најпонизниот селанец, најстрадалниот човек, оној кој живее негде на бачило и со солзи се моли на Бога, или е во затвор и се моли, или е пак, странец некаде, или е болен во кревет и од сè срце воздивнува кон Бога, или некаква измачена вдовица на која никој не ѝ ја отвора вратата па затоа со дечињата свои живее во неволји и беда, ама се моли на Бога; сите тие во Судниот ден ќе бидат поголеми од ланските, сегашните и идните светски цареви.

Си беше еден цар, многу голем и прославен, и еднаш тргна на пат со својата позлатена кочија, со сета придружба од болјари, како што му прилега на цар. Патувајќи така, тие сретнаа два човека, целите во парталави и валкани облеки со излижани, пожолтени рабови. Но овој цар знаеше



дека тоа се свети луѓе Божји, со тела исцрпени и исушени од пост, труд и неспиење. И штом ги здогледа, царот веднаш скокна од кочијата, па појде и падна пред нив, та им се поклони. Потоа се подигна, ги изгушка и со љубов ги целиваше. Но на неговите пријатели и болјари тоа не им беше по волја, па негодуваа, велејќи:

–Не му прилега на цар што има толкава чест да прави така.

Но не се осмелуваа отворено да му кажат на царот што мислат. Царот, пак, си имаше брат и болјарите решија да му се обратат нему:

–Те молиме кажи му на царот вака: „Следниот пат немој толку да ги понижуваш царското достоинство и својата царска круна".

Значи, овој му кажа на царот, но царот го прекори поради неговата неразумност и неукост и го избрка од кај себе. Спомнатиот цар си имаше обичај, кога некого ќе осудеше на смрт, да му испрати пред портите гласник да му затруби. И кога овој ќе го слушнеше гласот на трубата на својата порта, тој знаеше дека утре треба да умре.

Кога се стемни, испрати царот гласник со смртна труба да огласи пред портата на неговиот брат.

А овој, штом ја слушна смртната труба да труби пред неговата порта, ја изгуби сета своја надеж за живот и цела ноќ ја помина во грижи и очајни мисли.



Така, добро се спреми царевиот брат, ја уреди куќата и направи сè по ред, како некој што знае дека ќе умре. А утрото, кога се раздени, облече црнина што се носи во денови на жалост. Исто така се облече и неговата сопруга и сите негови деца. И појде во царското собрание, плачејќи и горко жалејќи.

А царот, гледајќи го како така горко плаче, го викна кај себе во своите одаи и му рече:

–О, неразумен и нерасудлив човеку! Штом ти така се плашиш од само една смртна труба и од единствениот свој брат кој е човек како и ти, и кому ништо не си згрешил, ниту за нешто си крив, зошто тогаш ме прекоруваш мене, поради тоа што со скрушеност ги целивав гласниците на мојот Бог, кои ме потсетија на смртта многу повеќе отколку трубата, објавувајќи ми го Страшниот Суд на мојот Господ Бог, Кому многу сум Му згрешил и пред Кого големи гревови сум направил? Ете сега ти ја разобличив и покажав твојата лудост, плашејќи те на ваков начин.

И рече тогаш братот на царот:

–Прости ми што безумен бев и неразумно те осудив.



–Почекај малку – рече царот – па ќе ти ја откријам лудоста и на оние што те натераа вака да ми кажеш.

И откако го утеши својот брат и го вразуми со вакви зборови, тој го отпушти дома, па нареди, та направија четири дрвени сандаци. Двата од нив цели ги окова со злато и во нив стави смрдливи и гнили коски, а одозгора ги затвори со капаци и закова со златни клинци; другите, пак, два сандаци однадвор ги намачка со смола и завитка со плетенки од козјо влакно, а внатре ги наполни со скапоцени камења и бисери и други прекрасни работи и благомириси. Потоа царот ги повика болјарите и пријателите што го прекоруваа, ги постави пред нив оние сандаци, сите четири, и им кажа да проценат колку, според нив, вредат оние окованите со злато, а колку би платиле за оние премачканите со смола. И тие одредија висока цела за сандаците оковани со злато, мислејќи дека во нив има богатство и скапоцени нешта и царски облеки, а на оние премачкани со смола им дадоа евтина цена. Тогаш царот им рече:

–Добро знаев дека така ќе пресудите! Но не ви личи така и не треба да судите по надворешноста, туку да го видите и она што е во нив, за да знаете

дали ќе биде достојно или недостојно за цената.

И нареди царот, та се отворија сандаците оковани со злато. А кога ги отворија, наеднаш излезе ужасна смрдеа и сите ги видоа во нив оние грозни предмети.

-Ете така - рече царот — такви се луѓето што носат скапоцени и убави облеки, и се гордеат со својот имот и слава, а во својата внатрешност се полни со зло, мртвило и гнилеж.

Потоа рече царот и се отворија сандаците премачкани со смола и веднаш штом ги отворија, излезе од нив прекрасен благомирис и се видоа оние скапоцени и убави предмети.

Им рече царот:

-А кому се слични овие сандаци? Тие се налик на оние двајца смирени луѓе, облечени во парталави облеки, со образи исушени и пожолтени, истоштени од трудови, кај коишто вие го видовте само надворешниот изглед и ме прекоривте што им се поклонив доземи. Јас, пак, препознавајќи ја и сфаќајќи ја со внатрешните очи на своето сознание, чистотата на нивните души и нивниот сјај почудесен и попрекрасен од мојата круна и од сета моја царска чест, сѐ што имав, па и царското



облекло го занемарив за нив да ги прославам, и паднав ничкум на земја пред нив.

Така мудриот цар ги поучи да не го бараат, ниту да го ценат она што е надворешно. Да правиме и ние така како што направи оној добар и побожен цар, и да ги чествуваме тие што се слуги Божји, оти тие се и браќа Негови. Зашто Бог на Судот Свој нема да ги гледа лицата, како што му рече на пророк Самуил, кога го избра Давида.

Бог и сега гледа на човековото срце, а колку повеќе на Денот на Судот. Тогаш ќе се прослават смирените, оние занемарените, прекоруваните, гонетите заради правда, сиромашни по дух кои секогаш се сметаат себеси оскудни во добри дела, кои гладуваат заради правда, односно копнеат да се врши правдата, и сите оние што Христос ги нарекол блажени. И тогаш блажени ќе бидат сите оние презрени, кои биле сметани за отпад на светот.

Мудрото во овој свет ќе се посрами од она што е за светот безумно и што светот го смета за ништожно. Тоа што е силно ќе се посрами од она што за светот е слабо. Затоа Спасителот вели дека последните ќе бидат први. Оние на кои сега не ни погледнуваме, ако се молат на Бога од сето срце,

ќе заблескаат посилно од сонцето во Царството Небесно, а светските цареви и сите земски силници ќе бидат тогаш како отпад пред Бога, ако биле без вера во Него. Зашто Он е праведен и правдата Негова останува во веки.





## Свети Онуфриј Велики

Си беше еднаш еден цар на Персија, него историчарите го имаа наречено Нарсит, а живееше во време кога во Рим царуваше паганскиот цар Диоклецијан. По делата се гледа дека овој Нарсит или беше целосно христијанин, или, пак, не беше многу далеку од Христијанството, оти од историјата се знае дека такви беа некои персиски цареви. Значи овој цар си живееше долго со царицата, и бидејќи немаше машки наследник, а многу сакаше, усрдно се молеше не Бога да му дарува еден син. И бидејќи Бог му ја услиши молитвата, по многу години царицата го зачна преблажениот Онуфриј, великиот угодник Божји и голем пустиножител.

Но ѓаволот кој го мрази човечкиот род, откако го позна по некои знаци доброто што следеше и сакајќи да го спречи, зеде лик на човек туѓинец, дојде кај царот и му рече:

–Цару, знај дека чедото што се зачна во утро-



бата на твојата царица, не е твое, туку на еден од твоите робови. Ако сакаш да ја дознаеш вистината, направи како што ќе ти речам. Кога ќе се роди детето, нареди да се запали голем оган и фрли го

детето во него. Ако не изгори, тоа ти е знак дека е навистина твое чедо, ама ако изгори, знај дека не било твое.

Така царот, бидејќи поверува на овие ѓаволски лукавства, многу се налути на својата царица, ама тоа го криеше во себе, за да не се дознае до вистинското време. А потоа, кога се исполни времето и дојде мигот царицата да роди, и кога таа роди машко дете, царот наместо да се зарадува за синот што Бог му го беше подарил, се наполни со гнев и сомнеж, запали голем оган и го фрли детенцето во него. Но семоќниот Бог, Кој ги пази младенците со Својата пречудесна сила, го сочува и ова дете неизгорено од огнот, живо и здраво.

И не само тоа, туку и нешто друго чудесно се виде: кога се најде во огнот, детенцето ги подигна кон небото своите рачиња, како да се моли на Бога. Кога царот, таткото на детето, го виде овој чудесен знак, силно се исплаши, и сфати дека ѓаволот го беше измамил.

Значи, откако го извади од огнот детенцето неповредено, ангел Господов му се јави на царот и го прекори што му поверува на лажливиот непријател и падна во неговата лукава стапица.





И му заповеда ангелот да го крсти детенцето и да го нарече Онуфриј, а потоа да го однесе во пустината, таму кај што Бог ќе го упати, оти тоа ќе биде голем пријател и угодник Божји.



Царот веднаш стана, и штом си го зеде синчето тргна, според заповедта Божја, кон планините и пустините на Египет.

Додека така одеа, со нив одеше и една бела срна, што Бог ја имаше пратено да го храни младенчето со млеко, дури се на пат. Таа му поита во пресрет на царот, падна пред него на колена, како да му се поклони, и продолжи заедно со поворката и патуваше со нив, хранејќи го младенчето со своето млеко. А таткото на младенчето, штом го виде тоа се зачуди на Божјата грижа за младенчето и велеше:

–Сега дознав дека навистина мојот син ќе биде голем пријател и угодник Божји.

Значи одејќи, тие, долго по патот, стигнаа до границата на Тиваида во земјата Египетска, и дојдоа до тврдината што се викаше Ермополис. Таму на одбрано и убаво место, недалеку од тврдината, наидоа на манастир. Овој манастир се викаше Еритски и имаше стотина благодатни монаси. И му заповеда Бог на царот таму да го остави својот син. А старешината на оној манастир се зачуди на посетата на персискиот цар и го прими со големи почести. Царот, пак, му раскажа на овој настојател подробно сѐ за младенецот и дека по заповед Божја е дојден во нивниот манастир.

Старешината, откако го сослуша кажувањето на царот, зачудено му рече:



–Како и кој меѓу нас ќе може да го храни ова детенце што има потреба од мајчино млеко, оти во нашиот манастир не може да влезе ниедна жена?

Царот одговори:

–Како што до овде Бог го хранеше, преку онаа срна што дојде со нас, исто така и понатаму ќе го храни таа срна, дури има потреба од млеко.

Така царот, откако го предаде својот син на Бога и го довери на отецот настојател, се врати во својот дом. А онаа срна живееше крај манастирот и го хранеше детенцето до неговата трета година.

Штом се исполнија тие три години, таа си замина во пустината, а детенцето почна да се храни со обична храна. И кога детето наполни седум годинки, тоа често влегуваше во трпезаријата и бараше парче лепче, а потоа одеше во првиот дел на црквата, каде стоеше живописана икона на Пресвета Богородица, која на раце Го држи нашиот Господ Исус Христос. Значи, штом ќе се приближеше Онуфриј до иконата, бидејќи беше со незлоблива душа и света простодушност, тој си разговараше со Младенецот Христос, Кој беше нацртан на иконата, во девствените раце на Приснодева, како со жив човек. И му велеше вака:

–И Ти си мало како што сум јас, ама јас одам во трпезаријата и си барам лепче од трпезаристот и си јадам, а Ти никогаш не јадеш. Оти се мачиш така и гладуваш, ништо не јадејќи? Еве, земи го

моето лепче и касни.

А нацртаниот на иконата Младенец Христос, како да е жив, го подаваше рачето и го земаше лепчето од рацете на Онуфриј, а на овој дури му се гледаше како Христос да јаде од лебот.



Ова чудо се случи не еднаш, не двапати, туку многупати, и еднаш трпезаристот, гледајќи дека детенцето често зема лепче, почна да го следи за да види што прави со лебот и каде го носи.

Штом го виде како со лебот влегува во црква, тој тргна по него и стаса до вратата на првиот дел од храмот. Тука го виде спомнатото чудо и се исплаши многу. Потоа, откако излезе од таму, му објави за ова на настојателот и на сите други монаси што се подвизуваа во добри дела, кои штом слушнаа за тоа чудо, многу се уплашија.

Тогаш настојателот вака го поучи трпезаристот:

–Кога детето Онуфриј повторно ќе побара лепче од тебе, немој да му дадеш, туку речи му: „Оди барај си лепче од Оној на Кого многу пати претходно си Му давал".

И трпезаристот го послуша настојателот, та направи како што му беше наредил. Значи, утрото, кога Онуфриј дојде и по обичај си побара лепче, трпезаристот не му даде, туку му рече:

–Оди барај си лепче од Оној Кому многупати си Му давал.

Така детенцето, бидејќи гладно, си појде плачејќи кон иконата на Пресвета Богородица и Му

рече на Младенецот Христос, што беше нацртан на иконата:

–Трпезаристот нејќе да ми даде лепче, а јас сум гладен; дај ми сега Ти, зашто јас многу пати сум Ти давал!

И веднаш Младенецот Христос му даде една голема и убава, чиста и бела како снег, топла погача леб. Лебот беше толку голем што седумгодишното дете едвај можеше да го носи. Значи Онуфриј, земајќи го лебот од Христовите раце, го носеше со голема мака. И штом дојде кај настојателот, детински му се пофали, велејќи:

–Еве, Младенецот Христос ми даде лепче!

А настојателот, восхитувајќи се на таквото големо чудо, ги собра сите монаси и им го покажа тој чудесен леб, а потоа му нареди на трпезаристот на сите да им раскаже што видел. Потоа и Онуфриј, бидејќи го прашаа, рече дека лебот го зел од рацете на Самиот Христос. И сите почнаа велегласно да Го величаат Бога, Кој направи такви чудеса со детенцето Онуфриј. Потоа го разделија лебот на мали делчиња, заради благослов и осветување на сите монаси.

И живееше Онуфриј во манастирот уште не-


ΜΡ
ΘΥ
IC XC

колку години, усовршувајќи се во правењето добри дела и во смирението, а потоа се насели во срцето на египетската пустина, каде се удостои да го хранат ангели и од каде што се пресели кон Господа на возраст од преку 100 години.

## Пример за мудрост

Духот Божји е Дух Преблаг, Пресвет, Семоќен, Премудар и го осветлува секој човек што доаѓа на свет. Тоа е Дух што носи светлина во умот на секој човек кој се крштава во името на Пресвета Троица.

Од божественото Крштение ние сме Црква на Бога Живиот. Зарем не вели Свети Павле така: „Вие сте храм на Бога Живиот и Духот Божји пребива во вас". Кога имаме Дух Божји во себе, умот ни е озарен и ние имаме добри мисли. Ама Тој Дух на светлината и светоста се трга од нас кога Го лутиме. А со што, тоа, ние Го лутиме и Го жалостиме Духот Свети, и со што Го бркаме од себе? Го бркаме Духот Божји со своите гревови. Може ли светлината да е заедно со мракот? Не. Духот Божји не може да биде таму каде што се делата на мракот, оти Он е Дух на светлината.

Што вели Свети Павле? Да се откажеме, значи, од делата на мракот и да се облечеме во светла

облека. Кои се делата на мракот? Гревовите. Како дела на мракот, гревовите го водат човечкиот ум во темнина, метеж, болест и духовно слепило.

Кога човекот прави зло, тој Го жалости и брка од себе Духот Свети, па и својот ангел чувар, а наместо нив на човекот му доаѓа ѓаволот и лошиот дух. Ама кога христијанинот од срце ќе се покае и жали за направеното зло, и ќе реши веќе да не Го лути Бога со своите гревови, тогаш тој Го радува Духот Свет и сите ангели на небото, го враќа кај себе својот ангел чувар и го брка од себе злобниот ангел.

Еве ќе ви раскажам приказна, од која ќе сфатите како гревот на лакомост го помрачува умот човечки и го тера да се однесува неразумно.

Еднаш некој човек направи стапица и стави во неа гранки за да фати некоја птица. И откако ја намести, во неа фатил славеј, една мудра птица, и посака да ја заколе.

Ама на оваа мудра птица ѝ беше даден човечки глас, та проговори и му рече на оној ловец:

–О, човеку, што корист ќе имаш од мене ако ме заколеш? Оти види колку сум малечко; значи, да знаеш, со моето месо нема да си го заситиш



стомакот. Ама ако ме ослободиш, ќе ти дадам три поуки и ако ги пазиш, ќе ти бидат од голема полза во сите денови од твојот живот.



Човекот многу се зачуди на овие зборови, и му рече дека, ако од него навистина слушне нови поуки, ќе го пушти. Така славејот се сврти кон него и му рече:

–Човеку, немој да си лаком, оти лакомоста го помрачува умот; потоа, не подавај рака кон нешто што не можеш да го дофатиш; и на лагите никогаш не верувај. Пази ги овие три поуки и ќе имаш голема полза.

И се зачуди човекот на овие мудри зборови од славејот и го пушти од стапицата и го остави да одлета. А славејот, пак, бидејќи беше мудар, посака да види дали овој човек добил некаква полза од неговите поуки или не. Така, летна многу високо, кај што ловецот не можеше да го стигне и му рече:

–О, колку е беден човекот без совет и без разум! О, човеку, да знаеш само какво богатство изгуби денес, оти во мојата утроба има бисер поголем од орлово јајце.

А оној ловец, кога го слушна тоа, многу се растажи и зажали што го пушти славејот и проба пак да го фати. И му рече лукаво:

–Дојди дома, добро ќе те нагостам и пак ќе те пуштам.



А славејот му рече:

–Ех, сакав да видам што научи од сѐ што ти кажав и на дело да ти покажам како пропаѓа оној кој не ги слуша и исполнува мудрите зборови. И ете, сега сфатив дека не си ја научил добро лекцијата што ти ја дадов.

–Најпрвин ти кажав да не бидеш лаком, оти лакомоста го помрачува умот, а ти штом слушна за бисерот, веднаш скокна да ме фатиш. И така ми покажа дека умот ти се помрачил, дека стана потполно неразумен и луд, и ги погази и другите два совети што ти ги дадов.



–Зарем не ти реков да не подаваш рака кон она што не можеш да го фатиш? И ете, не ни помисли дека јас летам по воздух, каде не можеш да ме фатиш и веднаш скокна по мене. А бидејќи виде дека не можеш да ме достигнеш, лакомството те разгневи, па стана уште и лукав и лажлив, за со измама да ме фатиш.

–Ама нели ти реков на лаги да не веруваш, и ете, овде сфатив дека умот потполно ти се помрачил, оти ми поверува дека во утробата имам бисер поголем од моето тело, и не ни помисли да видиш дека јас ни целиот не сум колку едно орлово јајце, па како може таков бисер да се собере во мојата утроба?

–Значи, пази човеку, и поправи си го животот, за да не се посрамиш уште повеќе, и да не паднеш и во други поголеми гревови.

Тоа го кажа славејот и одлета, а ловецот остана посрамен поради немањето мудрост.

Затоа, не ни личи воопшто да бидеме обземени од лакомост, ниту други страсти, оти тогаш умот ќе ни се помрачи и ќе бидеме лишени од Духот Свети. Тогаш брзо ќе паднеме и во други гревови: гнев, метеж, лукавство, завист, лага и злоба. Дури и на туѓите лаги лесно ќе поверуваме, зашто

во нашиот ум ќе ја нема веќе светлината на вистината.

Да имаме, значи, страв од Господа и да се пазиме да не паднеме во мракот на гревот. А ако со својата немарност, несвесно сме падналe во гревовната ноќ, да го изгониме од себе мракот со оставање на злото, преку одлука со гревовите свои да не го навредуваме веќе Духот Свети, преку исповед, преку молитва и преку исполнувањето на заповедите Божји. Со овие добри дела, секој човек, колку и да бил грешен, доаѓа до светлоста на познанието, се приближува до Бога, и од човек помрачен и грешен, станува избран сад Божји и син на Царството Небесно, во чијшто ум и срце сјае светлоста на благодатта на Светиот Дух.

## Свети Петар Цариникот

Таму некаде во Африка си живееше цариник по име Петар, многу немилостив, и никогаш не се сожалуваше на бедните, ниту помислуваше на смртта, ни одеше во црква. Значи тој секогаш си ги затнуваше ушите пред оние што бараа од него милостина. А Добриот Бог Човекољубец, Кој не му сака смрт на грешникот, туку се грижи за спасението на сите, и Кој преку своето расудување спасува секого, направи и со овој Петар по Својата добрина и го спаси на следниот начин.

Еднаш бедните и несреќниците од тоа место, седнати по улиците, почнаа да ги фалат милостивите и да се молат на Бога за нив, а немилостивите, пак, ги прекоруваа. Така почна разговор и за овој Петар, за кого велеа дека е сосема немилостив и дека сите сиромаси ги брка од себе, кога му бараат нешто.

И се прашуваа еден друг дали некој, некогаш, добил од Петар некаква милостина. И сите велеа





дека од него никој ништо не примил. Ама во тој миг стана еден сиромав и рече:

–Што ќе ми дадете, ако сега појдам кај него и успеам да му измамам милостина?

И падна опклада. Другите велеа дека нема шанси да добие нешто од тој крајно немилостив цариник, а овој, сиромавиот, велеше дека ќе успее да го смилостиви да му даде нешто, макар и нешто најмало.

Значи, сиромавиот замина и застана крај Петровата порта. И кога Петар излезе и тргна од дома со мазга натоварена со леб, сиромавиот што се беше обложил со своите пријатели, му се поклони и почна упорно да бара милостина, плачејќи без престан.

А Петар, според својот лош карактер, гневно побара наоколу нешто за да го удри со него и да го избрка од себе. И како не најде при рака камен, дофати еден леб и го фрли кон сиромавиот, го удри по лицето и си замина.

А овој сиромавиот, штом го зеде лебот, појде кај своите пријатели и им рече дека од самите раце Петрови го зел тој леб, и сите Му вознесоа слава на Бога, што и цариникот Петар станал милостив.





По два дена се разболе цариникот, и кога му наближи смртта, имаше видение како да е на некакво испитување во судница. И кога неговите дела беа ставени на вагата, од една страна на вагата стоеја некакви ужасни суштества со потемнети лица, а на другата страна стоеја ангели со многу светли ликови. Така, оние темните, ги

собраа сите лоши дела што ги имаше направено цариникот Петар во целиот свој живот, уште од самата своја младост, и ги ставија на вагата. Но светлоносните ангели не можеа да најдат ништо добро во Петровите дела за да го стават на својата страна од вагата, наспроти сите оние лоши дела што ги имаа принесено ѓаволите. Затоа стоеја со нажалени лица и не знаејќи што да прават си велеа еден на друг:

–Немаме ништо за овде!

Тогаш одговори еден од нив:

–Така е, во право си, немаме ништо освен оној еден леб што му го имаше дадено на Христа пред два дена, ама и тоа безволно.

Значи, го ставија, сепак, тој леб на својата страна, и наеднаш на вагата натежна тасот со лебот. Тогаш оние блескави ангели му рекоа на цариникот:

–Оди си, беден Петре, и придодај му на овој леб уште нешто за овие поцрнети гадови да не те земат и однесат во вечната мака!

И се разбуди Петар, целиот во ужас и препотен од страв. Откако си дојде на себе, Петар се замисли над она што го виде и сфати дека

видението не беше лажно, оти тој навистина си ги виде сите свои гревови, направени од младоста па сè до тогаш, што ги имаше дури и заборавено, ама ете овие поцрнетите сите ги имаа собрано и му ги ставија на вагата. Па си рече Петар во себе, чудејќи се:



–Ако само еден леб, што му го фрлив во лице на оној, сиромавиот, толку многу ми помогна, та не ме зедоа ѓаволите, а колку повеќе една голема милостина, направена со кротост и ревност, ќе им помогне на оние што пожртвувано им даваат од богатството свое на сиромасите!

И тогаш тој стана многу милостив, до толку, што не сакаше ни самиот себеси да се поштеди, како што ќе видите подоцна.

Еднаш, пак, кога одеше на царина, го сретна еден сплавар што имаше осиромашено, па дури и беше останал без ништо, оти сплавот му беше потонал. Спомнатиов, откако падна пред неговите нозе, побара од него нешто облека за да си ја покрие голотијата, оти се смрзнуваше од студ. Петар, пак, којшто сега веќе не беше со немилосрдна нарав, ја соблече својата горна облека, нова и скапоцена и му ја даде. А сплаварот, бидејќи се срамеше да носи така скапоцена облека, му ја даде на некој трговец за да ја продаде. И се случи Петар, на враќање од царина, да ја види својата облека обесена на пазар за продажба. Од тоа многу се нажали и штом замина дома, не сакаше ни храна да вкуси, туку се затвори во соба и плачејќи и воздивнувајќи, мислеше во себе и велеше:





Ω
Ο
Ν

–Не ја прими Бог мојата милостина! Не бев достоен за сиромавиот да ја прими мојата милостина!

И така, жалејќи се и воздивнувајќи, задрема малку и ете, виде Човек со убав лик, Кој блескаше посилно од сонце; на главата имаше крв и беше облечен во онаа облека што му ја беше дал на сиромашниот сплавар. И Го слушна како му вели:

–Зошто плачеш и тагуваш, брате Петре?

А тој одговори:

–Како да не плачам, Господару мој, кога тоа што им го давам на сиромасите од даденото од Тебе, тие го продаваат на пазар?

Тогаш му рече Оној што му се беше јавил, Кој беше Самиот Спасител:

–Ја познаваш ли облеката што ја носам на Себе?

А цариникот му одговори:

–Ја познавам, Господару, оти беше моја, со неа го имав облечено оној оголениот.

Тогаш му рече Оној Кој му се беше јавил:

–Немој да тагуваш! Ете, од моментот кога му ја даде на сиромавиот, Јас ја зедов оваа облека и ја

носам како што гледаш, и го фалам твоето добро обраќање, оти Ме облече Мене, Кој смрзнував од студ.

Потоа, будејќи се од сон, цариникот се зачуди и почна блажени да ги нарекува сиромасите, и да си вели во себе: Ако сиромасите се Христос, жив ми Господ, нема да умрам дури не се сторам еден од нив!

Така веднаш го раздели својот имот на сиромасите, и сите робови што ги имаше ги ослободи, а задржа само еден и му рече:

–Ќе ти кажам една тајна, да ја чуваш и да ме слушаш, оти ако не ме послушаш и не ја исполниш мојата заповед, знај дека ќе те продадам на паганите.

А робот му рече:

– Ќе направам сѐ што ќе му заповедаш, господару, должен сум да направам така.

И Петар му рече:

–Да појдеме во Светиот град, да се поклониме на животворниот гроб Христов и таму ќе ме продадеш на некој христијанин, и тоа што ќе го добиеш за мене ќе го раздадеш на сиромаси, а ти после оди си слободен кај сакаш.

Оној слуга, чудејќи се на ова необично расудување на својот господар, не сакаше да послуша и му рече:

-Должен сум да појдам со тебе во Светиот град, како твој слуга, ама да те продадам тебе, својот господар, тоа не ме терај, зашто нема никогаш да го направам.

Петар повторно му рече:

-Ако не ме продадеш, да знаеш јас тебе ќе те продадам на паганите, како што ти реков пред малку.

И појдоа во Ерусалим. Откако се поклони на Светите места, тој пак му рече на слугата:

-Продај ме, зашто ако не ме продадеш, ќе те дадам на варварите во тешко ропство.

Слугата, гледајќи ја непоколебливата намера на својот господар, го послуша. И си ја заменија меѓу себе облеката. Петар ја зеде облеката од својот слуга, а овој, пак, ја зеде Петровата. И штом наиде на еден богобојазлив човек, по занает златар, а на име Зоил, слугата му рече:

-Слушај ме, брате Зоил, да го купиш овој добар роб од мене. Не ќе најдеш друг како него и нема никогаш да зажалиш што си го купил.



А златарот, откако го виде Петар и гледајќи дека не личи на некој што навикнал на тешка работа, му рече на слугата:

-Брате, верувај ми, јас сум сиромав и немам што да ти дадам за него.

Петровиот слуга му рече:

-Еве, ти кажувам дека е многу вреден и побожен, слуша сѐ што ќе му заповедаш и веднаш го исполнува. Позајми си пари од некого и купи го, оти многу е добар, и ќе те благослови Бог заради него.

Зоил му поверува на овие зборови, зеде од некој свој пријател триесет златници и за нив го купи Петар од неговиот слуга, не знаејќи ја тајната, односно дека Петар е всушност господарот, а оној што го продаваше е неговиот слуга.

Значи, овој слуга, штом ја наплати цената за својот господар, појде во Цариград и никому не кажувајќи што направил, ги раздаде таму парите на сиромаси.

Петар му служеше на Зоил, работејќи тешки работи на кои претходно не беше навикнал. Понекогаш служеше, работејќи во кујната, понекогаш чистејќи го отпадот во куќата на Зоил, а



понекогаш во градината, копајќи земја. Потоа, мачејќи го телото и со други обврски и страдања, тој прекумерно се смируваше.

А Зоил, гледајќи дека на куќата дојде голем благослов, и богатството му се умножи, го засака Петра и се срамеше од неговото безмерно смирение. Еднаш му рече:

Брате Петар, сакам да те ослободам, и од сега па натаму, да ми бидеш како брат!

А тој не сакаше да биде слободен, туку имаше желба да му служи како роб. И многупати можеше да се види како му се потсмеваат другите слуги, а понекогаш се случуваше и да биде претепан и на многу начини ожалостен. Ама сето тоа тој го поднесуваше молкум. А една ноќ на сон Петар го виде Спасителот во вид на Сонце, Кој во Своите раце држеше триесет златници, и му рече:

–Немој да тагуваш, Петре, зашто ти ја примив жртвата; туку трпи до она време кога ќе бидеш познаен!

А после неколку години, едни златари од Афричките краеви дојдоа да се поклонат во Светите места, и Зоил, Петровиот господар, ги покани во својата куќа на гозба.



Додека така се честеа, почнаа гостите еден по еден да го препознаваат Петар и си велеа еден на друг:

–Не ви личи ли овој многу на Петар цариникот?

А Петар, слушајќи ги, го криеше своето лице од нив за да не биде препознаен.

Ама тие го препознаа и почнаа да му зборуваат за ова на оној што ги беше поканил:

–Господару Зоил, треба нешто да ти кажеме. Да знаеш дека во својот дом имаш голем човек на служба, оти, навистина, овој е Петар, кој некогаш во Африка имаше голема власт и многу робови, и потоа наеднаш сите ги ослободи, а самиот тој исчезна. Би сакале да го поведеме назад, оти нашиот великодостојник многу се беше налутил и тагува поради него, зашто му е потребен, а не знае каде е.

Петар кој се беше затекнал надвор, ги слушна тие зборови, и штом ги спушти на земја садовите што ги носеше, поита кон портата, сакајќи да побегне.

Но вратарот на таа куќа беше нем и глув и рѓање и само на знак ја отвораше и затвораше портата. Слугата Божји Петар, брзајќи да излезе,



му рече на немиот:

–Тебе ти велам, во името на Господ наш Исус Христос, брзо отвори ја вратата.

На звукот од овие зборови, немиот се исцели од својата немоќ.

И прозбори немиот:

–Да, господару, веднаш ќе отворам!

И во истиот миг му отвори и Петар излезе.

Немиот појде кај својот господар, прозбори пред сите, и сите во куќата се чудеа што го слушаат дека зборува. Потоа станаа да го бараат Петар, ама не го најдоа. И немиот им кажа:

–Гледате ли дека навистина е голем слуга Божји, оти ми рече вака: „Во името на Господ наш Исус Христос, тебе ти велам отвори ми!" И веднаш видов како од неговата уста излегува пламен кој се допре до мојата уста и прозборев.

Така, веднаш станувајќи, сите побрзаа по него, но иако насекаде го бараа, не можеа да го најдат. Тогаш сите од домот на Зоил долго тагуваа по него, велејќи си:

–Како тоа не сфативме порано дека тој бил голем слуга Божји?

И Го прослави ја Бога, Кој има многу Свои тајни угодници. А Петар, штом побегна од пофалбите на светот, замина за Цариград, каде живееше смирено до своето преселување кај Господа, Кому нека е слава во веки. Амин.





## Герасим Јуродив Христа ради

Герасим јуродив Христа ради си живееше овде, кај што беше скитот на Свето Воведение во Њамц, на крајот на шумата. Си имаше тој едно трошно кукиче, вратата ја држеше заклучена, а влегуваше и излегуваше низ прозор, така што сите му се смееја, па и прозорот му беше секогаш отворен, оти го имаше извадено. И внатре немаше печка, оган палеше на сред соба на земја, а лете се соблекуваше и одеше ноќе по шумата за да го испокасаат оние страшни комарци од елките. Наутро влегуваше дома низ отворот за прозорец и читаше од Псалтирот. Луѓето го беа нарекле Јуродивиот Герасим од крајот на шумата.

Шеташе гологлав, бос и со расо од грубо платно, излижано и целото со дупки.

На пладне ќе земеше една дрвена кофа, ќе скокнеше низ отворот за прозорец, оти нели вратата му беше постојано заклучена, и одеше пеш до манастирот.





Кога ќе наближеше до манастирот, ќе почнеше непрестајно да кажува, без некаков редослед:

–Во калапница, во ќелијарница, во сирница, со чоковуле, со кофуле, со коковуле.



Ќе дојдеше со кофа в раце во кујната и бараше јадењето да му се стави во кофата: и качамакот, и лебот, и чорбата, сè на купче. Тогаш ќе си велеа:

–Доаѓа оној лудиот со кофата. Поскоро ставете му нешто за побрзо да си оди!

И одеа отците и му велеа на готвачот:

-Оди море, оди побрзо, стави му, оти ќе нема крај!

И му ставаа во таа кофа и качамак, и чорба и сè што имаа. И тој пак ќе си заминеше кажувајќи:

-Со чоковуле, со коковуле, во сирница, во ќелијарница, во кујничка, со чоковуле, со коковуле... и се преправаше дека е луд.

Еднаш во манастирот дојде некаква делегација на архиереи од некое место во Грција. Манастирот Ђамц беше најголемиот во земјата и сите најважни делегации најпрво тука поминуваа. А манастирски старешина тогаш беше Макариј. И еве ти го јуродивиот Герасим кај доаѓа со кофата, ич не му е гајле дека дошле архиереи на посета:

-Со кофуле, со чоковуле, во сирница, во кујничка... – И ја подаваше кофата пред нив.

-Што е работава со овој отец, да не е болен? — прашуваа тие.

-Да, малку е чукнат.

-Кутриот тој!

И му рече еден од отците:

Море молчи отче, ќе те чујат овие странските



владици, срамота е!

Тогаш тој престана и се врати во својата ќелија, повторувајќи цело време:

Еве молчам, еве молчам! Еве молчам, еве молчам!...



Живееше деведесет и неколку години. Сите го знаеја како Јуродивиот Герасим. Ноќе одеше во шумата гол да го касаат комарци и да не спие, а наутро низ прозор влегуваше во ќелијата и одново се зафаќаше со молитва.

Кога се упокои, отците го најдоа со крст и писмо во рака. А во писмото пишуваше вака:

„Простете ми, љубени мои отци и браќа, за сите соблазни што сум ви ги направил, и не престанувајте да се молите за мене, грешниот, кој не успеав ни да Му угодам на Христа, ни луѓето да не ги соблазнувам. Грешниот Герасим".

Ете, тоа беше Преподобниот Герасим Јуродив Христа ради. А уште колку само јуродиви Светии Христа ради имало! Гледате ли во Житијата на Светиите? Свети Андреј, Свети Симеон... сите тие се преправале дека се луди за луѓето да ги презираат и така полесно да ја скршат својата гордост и да го стекнат смирението што Му е угодно на Христа.

А кога го погребаа отец Герасим, чујте какво Божјо чудо се случи тогаш. Гробот три пати се стресе, заедно со сите оние кои беа таму во близина! А после некаде дваесет години, кога го

откопаа, моштите му беа жолти како восок.

Знајте дека многу од тие илјадници монаси што некогаш живееле таму во Њамц, биле свети. Меѓу толку многу, Бог си имаше избрано свети луѓе, како што вели Неонил, старешината на Њамц: „Многу свети отци се упокоиле околу овој свет манастир".



## Содржина

Богатите осиромашеа и огладнеа.................................5
Не судете според надворешноста............................19
Свети Онуфриј Велики...............................................31
Пример за мудрост.......................................................45
Свети Петар Цариникот...............................................54
Герасим Јуродив Христа ради....................................79

✠

**Издава:**
Свештена Бигорска Обител
Свети Јован Крстител

**Главен уредник:**
Архимандрит Партениј Фидановски

**Наслов на оригиналот:**
*Arhimandrit Cleopa Ilie*
Povestiri pentru copii 6
Mănăstirea Sihastria, 2010

**Превод и лектура:**
Сестринството од Рајчица

**Техничка обработка и дизајн:**
Братството од Бигорски

**Печати:**
Нипон Графикс - Охрид

**Тираж:**
1000

Слог во Gunny Rewritten

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

821.135.1-97-32

ИЛИЕ, Клеопа, старец
Раскази за деца / старец Клеопа Илие. - Ростуше : Бигорски манастир "Св. Јован Крстител", 2016. - 92 стр. : илустр. ; 21 см

Превод на делото: Povestiri pentru copii / Arhimandrit Cleopa Ilie

ISBN 978-608-65424-3-6
I. Ilie, Cleopa, arhimandrit види Илие, Клеопа, старец

COBISS.MK-ID 100871434


МОНАСТИРЪ БИГОРЪ